# Тренинг центарот на Македонска берза и PwC Академија потпишаа Договор за Соработка

Тренинг центарот на Македонска берза склучи договор за соработка со реномираната PwC Академија во Македонија.

Во рамките на заложбите за збогатување на темите и содржините на обуките во рамките на Тренинг центарот на Берзата и на PwC Академија, Македонска берза и ПрајсвотерхаусКуперс склучија договор за соработка. Согласно овој договор PwC Академијата и Тренинг центарот на Македонска берза заеднички ќе организираат и одржуваат тренинзи поврзани со различни теми во насока на зголемување на финансиската и бизнис едукација.

Заедничката мисија на Тренинг центарот на Македонска берза и PwC Академијата е овозможување на континуирана и висококвалитетна едукација како важен предуслов за понатамошен развој на македонските компании и нивните вработени.

Подетални информации околу претстојните тренинг настани ќе бидат навремено објавувани во наредниот период.